


## Се согласувам со претседателот Стево Пендаровски дека покрај здравствената и економската криза, ќе имаме сериозна политичка криза, истакна Мицкоски.

ВМРО-ДПМНЕ нема да биде дел од изборите на 5 јули или на 8 јули, изјави денеска лидерот на опозициската партија Христијан Мицкоски, одговарајќи на новинарското прашање што доколку власта оди тврдоглаво со овие два датума и не се прогласи уште една вонредна состојба. – Се согласувам со претседателот Стево Пендаровски дека покрај здравствената и економската криза, ќе имаме сериозна политичка криза и ВМРО-ДПМНЕ нема да биде дел од тие избори на 5 јули или на 8 јули. Особено после денешното известување коешто го добивме од ОБСЕ/ОДИХР, тогаш претстојат други дополнителни чекори за коишто јавноста ќе биде благовремено информирана.

Но, тогаш ни претстои процес на самоорганизирање и за жал, дополнителна политичка криза во земјава.

И сето тоа паѓа на товар и одговорност на тој којшто треба да обезбеди услови за фер и кредибилен изборен процес, а притоа водејќи сметка да го заштити здравјето на граѓаните.

Тоа е власта, ова раководство на СДСМ и Зоран Заев – рече Мицкоски.

https://plusinfo.mk/vmro-dpmne-e-gi-bo-kotira-izborite-na-5-uli-ili-na-8-uli/